Врз основа на член 22 и 23 од Законот за работните односи (“Службен весник на Република Северна Македонија” бр.62/05, 106/08, 161/08, 114/09, 130/09, 50/10, 52/10, 124/10, 47/11, 11/12, 39/12, 13/13, 25/13, 170/13, 187/13, 113/14, 20/15, 33/15, 72/15, 129/15, 27/16, 120/18, 110/19, 267/20 и 151/21), Акционерското друштво за стопанисување со деловен простор во државна сопственост – Скопје објавува:

**Јавен оглас**
**за потреба од вработување на работници на неопределено време**

Акционерското друштво за стопанисување со деловен простор во државна сопственост - Скопје, има потреба од вработување на **6 (шест)** работници на неопределено време за следните работни места:

**1**. За работно место **“Референт за евидентирање, контрола, ажурирање и изложување на деловен простор”** во Секторот за стопанисување со деловен простор во АД за стопанисување со деловен простор во државна сопственост – Скопје – **Регионален центар Скопје – 1 (еден)** работник со завршено ССС, со 1 (една) година работно искуство по стекнувањето со бараната стручна подготовка.

- Неделното работно време е од понеделник до петок (40 часа), 8 работни часа дневно (почеток во 08:00 часот и завршеток во 16:00 часот), основна нето плата **22.904,00 денари.**

**2**. За работно место **“Референт за евидентирање, контрола, ажурирање и изложување на деловен простор”** во Секторот за стопанисување со деловен простор во АД за стопанисување со деловен простор во државна сопственост – Скопје – Регионален центар Скопје – **Работна единица Тетово – 1 (еден)** работник со завршено ССС, со 1 (една) година работно искуство по стекнувањето со бараната стручна подготовка.

- Неделното работно време е од понеделник до петок (40 часа), 8 работни часа дневно (почеток во 08:00 часот и завршеток во 16:00 часот), основна нето плата **22.904,00 денари.**

**3.** За работно место **“Референт за евидентирање, контрола, ажурирање и изложување на деловен простор”** во Секторот за стопанисување со деловен простор во АД за стопанисување со деловен простор во државна сопственост – Скопје – Регионален центар Скопје – **Работна единица Кочани – 1 (еден)** работник со завршено ССС, со 1 (една) година работно искуство по стекнувањето со бараната стручна подготовка.

- Неделното работно време е од понеделник до петок (40 часа), 8 работни часа дневно (почеток во 08:00 часот и завршеток во 16:00 часот), основна нето плата **22.904,00 денари.**

**4.** За работно место **“Хигиеничар”** во Секторот за правни и општи и економско-финансиски работи во АД за стопанисување со деловен простор во државна сопственост – Скопје – **Регионален центар Скопје – 1 (еден)** работник со завршено НКВ, КВ или ССС, со 1 (една) година работно искуство по стекнувањето со бараната стручна подготовка.

- Неделното работно време е од понеделник до петок (40 часа), 8 работни часа дневно (почеток во 08:00 часот и завршеток во 16:00 часот), основна нето плата **22.561,00 денари.**

**5.** За работно место **“Референт за сметководствена евиденција и наплата на побарувања”** во Регионален Центар Кичево на Акционерското друштво – Сектор за правни и општи работи и економско-финансиски работи, **за Работна Единица Битола – 1 (еден)** работник со завршено ССС, со 1 (една) година работно искуство по стекнувањето со бараната стручна подготовка.

- Неделното работно време е од понеделник до петок (40 часа), 8 работни часа дневно (почеток во 08:00 часот и завршеток во 16:00 часот), основна нето плата **23.120,00 денари.**

**6.** За работно место **"Хигиеничар"** во Секторот за правни и општи и економско-финансиски работи во АД за стопанисување со деловен простор во државна сопственост – Скопје – **Регионален центар Кичево** – **1 (еден)** работник со завршено НКВ, КВ или ССС, без работно искуство по стекнувањето со бараната стручна подготовка.

- Неделното работно време е од понеделник до петок (40 часа), 8 работни часа дневно (почеток во 08:00 часот и завршеток во 16:00 часот), основна нето плата **22.193,00 денари.**

Заинтересираните кандидати треба да ги исполнуваат општите услови согласно Закон, како и посебните услови предвидени со Правилникот за систематизација на работни места на Акционерското друштво за стопанисување со деловен простор во државна сопственост - Скопје и тоа:

- да имаат завршено соодветно образование наведено за конкретното работно место и работно искуство по стекнувањето со бараната стручна подготовка.

**Кандидатите со пријавата (со контакт телефон и адреса), во која се наведува за кое работно место од огласот се пријавува, треба да достават и докази за исполнување на наведените услови и тоа**:

- диплома, уверение или свидетелство за завршено образование со бараната стручна подготовка (оригинал или копија заверена на нотар);
- доказ за работно искуство (оригинал или копија заверена на нотар);
- уверение за државјанство (оригинал или копија заверена на нотар).

Рокот за пријавување на кандидатите е **3 (три) работни дена** од денот на објавувањето на огласот (до 22.12.2023 година).

Ненавремените и некомплетните пријави нема да се разгледуваат.

**Пријавата со документацијата во оригинал или копија заверена на нотар се доставува на адреса на Акционерското друштво за стопанисување со деловен простор во државна сопственост - Скопје – Дирекција на ул. "Стале Попов" бр.9, мезанин, локал 5 во Скопје, препорачано преку пошта или во архивата на Акционерското друштво секој работен ден од 08:00-16:00 часот.**

**Пријави доставени по e-mail нема да се разгледуваат.**

АД за стопанисување со деловен простор во државна сопственост - Скопје ќе изврши избор од пријавените кандидати во законски предвидениот рок (45, 90 или 120 дена) во зависност од бројот на пристигнатите пријави.

Лице за контакт: Г. Данов, тел. 02/3233-281; 076/361-386